# З А П И С Н И К

Од дваесет и шесттата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 31.10.2023 година, (вторник) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 14** советници.
**Отсатни: 1**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

## Дневен ред

1. Разгледување и усвојување на записникот од дваесет и петтата седница на Советот на општина Брвеница.
2.Предлог-Одлука за определување на оштета.
3.Предлог-Одлука за разрешување и именување на член на одборот за вршење на контрола на материјално-финансиско работење на Заедничкото јавно претпријатие „Русино/Полог,,.
4.Известување по однос тампонирање на дворот на џамијата во с.Челопек.
5.Известување по однос организирање на спортски натпревари помеѓу Основните Училишта во општина Брвеница.
6.Разгледување и усвојување на третиот Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на општина Брвеница за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година.

Претседателот на Советот ги прочита точките и кажа, имаме едно недоразбирање со петтата точка за одржување на спортски натпревари бидејќи покасно има донесено барање и затоа точката се повлекува.

Претседателот на Советот ги повика советниците да гласаат за симнување на петтата точка од дневниот ред и истата беше едногласно прифатена од присутните 14 советници.

Исто така имаме и една дополнителна точка за Оперативниот План за зимско одржување на локалната патна мрежа и улици во населените места на подрачјето на Општина Брвеница за 2023-2024 година која точка ќе ја ставиме како петта од дневниот ред.

Претседателот на Советот ги повика советниците да гласаат за дополнителната точка и истата беше едногласно прифатена од присутните 14 советници.

Претседателот на Советот праша дали има уште некој за измени и дополнувања на дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред заедно со симнатата и дополнителната точка, го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните 14 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на записникот од дваесет и петтата седница на Советот на општина Брвеница „ Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Записникот од** дваесет и петтата седница на Советот на општина Брвеница заедно со забелешката**„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 14 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Предлог-Одлука за определување на оштета„ Претседателот на Советот кажа, со овој акт сака да се определи поконкретно но сепак за оваа точка повеќе ќе ни објаснат од правната служба.

Од правната служба кажа, во врска со проблемот од каснување на бездомните кучиња односно кучиња-скитници и штетата предизвикана од истите вие и претходно имате донесено акт, поточно на 07.07.2022 година имате донесено Заклучок со кој се утврдува обврската Градоначалникот да може да се спогодува вон судски со оштетената страна. Сега сака да се определи износ за оштетата и максимумот на исата да изнесува 30.000 денари. Во законот нестои дека Советот треба да определи висина на оштетата но вие сепак сте орган и ваше е да одлучите, значи ако сакате вие можете да одлучите.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Адем Ј. Јашари и кажа, до денеска ние како општина дали сме имале некој кој се жали од кучињата скитници но во секој случај во ред е да се определи сумата, односно да се определи една соодветна сума.

Претседателот на Советот кажа, со овој акт се дава право на Градоначалникот од општината да може да се спогодува со странката, ние овде не можеме да знаеме , треба да има комисија која ќе одлучи за ова. Ние не можеме да знаеме дали некој е оштетен од каснување од кучињата.

Абиљ Дурмиши претставник од администрацијата кажа, ние како општина сме надлежни за кучињата скитници на територијата на општина Брвеница. Ако се констатира за напад или каснување од кучињата, треба да се плати оштета на оштетената страна. Ние на почетокот на мандатот донесовме еден заклучок дека Градоначалникот може да преговара вон судски со оштетената страна и на почетокот имавме одредено максимум сума но во консултација со колегите беше тргната таа сума. Сега определен е максимум сума од 30.000 денари и доколку странката не е задоволна може да се тужи.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, ваквите одлуки секогаш се добредојдени и на Градоначалникот мора да му се поверува за ваквите одлуки и порано имавме донесено сличен акт за кучињата дека истите треба да се третираат. Третирањето беше 15.000 денари и требаше да се соопшти до каде е стигната таа активност. **Таа сума отиде таму каде што треба, (и сега)** дали се третирани тие кучиња, и доколку не зошто не се третирани. За определената сума во одлуката јас не сум против, јас сум за да се гласа истото.

Абиљ Дурмиши претставник од администрацијата кажа, забелешката е во ред, за намаллување на популацијата на бездомните кучиња во постапка е отварање на тендер за избор на лиценцирана фирма која ќе ги третира бездомните кучиља. Согласно годишната програма за намалување на популацијата на бездомните животни, општината од сопственоит Буџет издвоила 240.000 денари.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, ова е започнато пред многу месеци, не може да се одолжи толку, има лиценцирани фирми и во с.Брвеница имаме такви фирми. Оваа работа не треба да се одолжи, има многу бездомни кучиња, работата треба да се заврши побрзо.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Одлука за** определување на оштета**„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатен од присутните 14 советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, „Предлог-Одлука за разрешување и именување на член на одборот за вршење на контрола на материјално-финансиско работење на Заедничкото јавно претпријатие „Русино/Полог„ , Претседателот на Советот кажа, ние сега треба само да констатираме, ова е од информативен карактер, ваква одлука поминува низ Советите на сите општини од Полошкиот регион.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за разрешување и именување на член на одборот за вршење на контрола на материјално-финансиско работење на Заедничкото јавно претпријатие „Русино/Полог„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 14 советници.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „Известување по однос тампонирање на дворот на џамијата во с.Челопек„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, за оваа точка имаме една забелешка, пред некоја седница беше оваа точка на дневен ред. Сега ова е само како известување, нее асфалтирање туку е бекатонирање.

По однос известувањетиод страна на Претседателот на Советот дека нее асфалтирање туку е бекатонирање советниците се согласија едногласно.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред „Предлог-Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улици во населените места на подрачјето на Општина Брвеница за 2023-2024 година „ , Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината да ја образложи точката.

Соодветниот од општината кажа, Оперативниот План е во врска со зимско одржување на патиштата и улиците за 2023/2024 година. Уште на почетокот требаше да ви се извинам, требаше планот да им го дадам на колегите за навреме да го имате како материјал но поради оправдани причина јас не бев на работа. Минатите години сме го носеле во ноември но сега го бараат како документ порано за да се организира системот за работа. Овој план е ист како минатите години досега се покажа како успешен и затоа не сме го менувале многу. Одржувањето го правиме со наша механизација. Ќе бидат формирани три пункта од кои првиот ќе биде во Брвеница и Долно Седларце, каде што ќе бидам надлежен јас Абиљ Дурмиши. Вториот пункт Челопек, Милетино, Блаце, Теново каде што ќе биде одговорно лице Јакуп Хусеини и во третиот пункт Стенче, Волковија, Гургурница, одговорно лице ќе биде Џевад Имери. Однесен е песок кај Гургурница бидејќи е високо планинско место каде што условите се многу лоши во зима. Има однесено 30 тона сол и мешано сол и ризла, се надеваме дека ќе стигне. Ние патиштата ги делиме со приоритет, Прво – главни патишта и нивната должина и патишта што водат до витални институции, цркви џамии, амбуланти, училишта и слично. Втори по приоритет се споредни улици и улици каде што индивидуалните сточари ќе им се исчисти пристапот до нивите. Трети по приоритет ќе бидат улиците до индустриските објекти. Оваа година имаме нов камион кој ќе ни послужи за растурање

на сол и абразивни средства, се надевам дека ќе бидеме успешни како и до сега. Во случај ако имаме потреба ќе бараме помош и од други институции.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии кој кажа, што се однесува до Оперативниот План не се двоумам дека општината е лидер во оваа работа и дека оваа година истото ќе го направи. Сега сакам да прашам за локалните патишта на кој треба да се променат таблите со ознаки и имања на населените места , затоа што ги бришат албанските и пишуваат на македонски и обратно. Ова немаше врска со Оперативниот план но сепак сакав да го кажам како забелешка.

Претседателот на Советот му одговори на Абеб Нухии дека за таа работа треба да се обрати до општината на писмено.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улици во населените места на подрачјето на Општина Брвеница за 2023-2024 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 14 советници.

**VI**

По однос на шесттата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на третиот Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на општина Брвеница за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година„ Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, бидејќи беше само разгледување на извештајот и нема што тука да се делува ние на комисијата одлучивме соодветниот од општината точката да ја образложи на Совет.

Соодветниот од општината кажа, како и секогаш ова е само извештај и тука не може ништо да се делува, имаме добра реализација кај приходите. Соодветниот од општината продолжи да образложува по однос Кварталниот извештај.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Барање од група граѓани од село Милетино„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 14 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дваесет и шестата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-2110/2**
**31.10.2023 год.**
**Брвеница**